**Известување за концентрација со која СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје стекнува контрола над ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје**
**(предмет бр. 08-158/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.11.2025 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје со седиште на ул. Ѓорче Петров бр. 7, Скопје стекнува единствена контрола над ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје со седиште на ул. Џон Кенеди бр. 2/2-3, Чаир Скопје.

СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје е акционерско друштво и истото се занимава со организирање на зелени пазари во градот Скопје и издавање на деловни простории на територијата на РСМ. СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје управува со повеќе зелени пазари со капацитет од преку 2500 продажни места – тезги. Располага со деловен простор претежно наменет за изнајмување на други корисници со вкупна површина од околу 50.000 квадратни метри.
ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје е друштво со ограничена одговорност во сопственост на ГАЈЕР –СТАРС ДООЕЛ Скопје и Хусуф Камбер. ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје е фабрика за производство на кабел и ПВЦ Гранулат. Линиите за производство на фабриката произведуваат кабел исклучиво со чисти бакарни проводници. ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје има една подружница на територијата на Град Скопје која претставува производствен погон на електрични кабли и тоа: ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје со седиште на ул. Глумово, с. Глумово Сарај со дејност производство на други електронски и електрични жици и кабли.

Според подносителот на известувањето, дефиницијата на пазарот може да остане отворена или да се дефинира како пазар за производство на електрични жици и кабли на територијата на Република Северна Македонија

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.11.2025 година
Скопје